# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


**Службен гласник на Општина Ресен**
**-излегува по потреба**
**www.resen.gov.mk**

**30.05.2023 година**

**бр.8 година 58**
**Ресен**

**Уредува**
**Стручна служба**
**Тел. 047/551- 903**
**kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk**


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/1
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015,167/2016 и 203/2022), Советот на Општина Ресен на 30-та седница, оддржана на ден 30.05 .2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РЕСЕН**

За **2023** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаРЕСЕН за 2023 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 2.955.722 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.955.722** | **0** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 1.002.540 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 161.700 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 297.528 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 127.743 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 8.085 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 19.404 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 660.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 350.722 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 268.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.955.722** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавуваœето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на БуЎетот на Општината за 2023 година.

Бр. 08-1159/3
30.05.2023 год.
Ресен

Претседател на Советот на Општината
**Ирена Стрезовска Кукуловска с.р**

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/2
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и 244/19, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 151/21), член 93 став 2 од законот за Административни службеници ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр. 275/19 и 14/20 ), Одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвтнителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градото Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи на основани од Собранието на РСМ(Службен весник на РСМ бр. 51/20) и одредбите од колективниот договор на Општина Ресен ( Бр. 09-1166/1 од 04.06.2021 год. и Анексот на договорот бр. 09-2851/1 од 24.11.2022 год.)и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен” бр. 07/10, 13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.05.2023 година, донесе:

О Д Л У К А

за измена и дополнување на Одлуката за извршување на

Буџетот на Општина Ресен за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година, бр. 08-3106/8 од 28.12.2022 година („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 16/2022) и Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Ресен за 2023, бр. 08-357/8 од 14.02.2023 година (Службен гласник на Општина Ресен 2/2023), во членот 9 во ставот еден зборот„ бруто“ се брише, а алинеата 1 се менува и гласи:

- За избраните и именуваните лица основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за предходната година , според податоците на Државниот завод за статистика.

-алинеа 2 од истиот член се менува и гласи:

-За Градоначалник на Општина од 10.001-25.000 жители, коефициентот за утврдување на плата е 2,90;

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1159 /4
30.05.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈОУДГ“ 11 Септември“ Ресен

Се објавува на Заклучокот по Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈОУДГ“ 11 Септември“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/3 Градоначалник
30.05.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.05.2023 година, откако го разгледа Годишниот план за вработување во ЈОУДГ “11 ти Септември“ Ресен за 2024 година, го донесе следниот ,

З А К Л У Ч О К

Не се усвојува Годишниот план за вработување во ЈОУДГ “11 ти Септември“ Ресен за 2024 година, со арх. Бр.04-82/1 од 17.05.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1159/5 Претседател
30.05.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпис и расходување на основни средства (движни ствари) и ситен инвентар сопственост на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпис и расходување на основни средства (движни ствари) и ситен инвентар сопственост на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/4
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 3 и 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл. весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 21/18, „Сл. весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19, 122/21), и член 23 ст.1 т.8 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010,13/2013, 8/2015 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.05.2023 година, ја донесе следната;

О Д Л У К А

За давање согласност на Одлуката за
за отпис и расходување на основни средства (движни ствари) и ситен инвентар сопственост на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен

Член 1

Со Оваа Одлука се дава согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен донесена под бр.02-83/4 од 19.05.2023 год.за отпис и расходување на основни средства (движни ствари) и ситен инвентар сопственост на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-1159/6
30.05.2023 година
Ресен

Претседател,
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2 “ Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2 “

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2 “ Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2 “ , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/5
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен Весник на Р.С.Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 47 од Статутот на Општина Ресен ( „Службен Гласник на Општина Ресен “ бр. 07/10, 13/13, 8/15 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 30.05.2023 година , ја донесе следната

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет на проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 “

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот „ Изработка на техничка документација за изградба на: цевковод за водоснабдување од с. Курбиново до с. Претор со Туристичка Населба и Вилска Населба , изградба на цевковод за водоснабдување од Т.Н. Сирхан до с. Стење , изградба на крак на цевковод приклучен на главен доводен цевковод за водоснабдување (Од Манастир Св. Никола до с. Јанковец) и изградба на канализационен систем за фекална и атмосферска вода во с. Јанковец во Општина Ресен“ .

Член 2

Општина Ресен ја утврдува како приоритет изработката на техничка документација од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

За изработка на техничка документација за изградба на: цевковод за водоснабдување од с. Курбиново до с. Претор со Туристичка Населба и Вилска Населба, изградба на цевковод за водоснабдување од Т.Н. Сирхан до с. Стење, изградба на крак на цевковод приклучен на главен доводен цевковод за водоснабдување (Од Манастир Св. Никола до с. Јанковец). и изградба на канализационен систем за фекална и атмосферска вода во с. Јанковец во Општина Ресен ќе се поднесе барање за користење на средства во рамки на Проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти “- Фаза 2 а по објавен Прв повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти: „Фонд за техничка документација“ , објавен од страна на УНДП и Бирото за Регионален Развој.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1159/7
30.05.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за финансиско учество во реализација на Проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 “

Се објавува Одлуката за финансиско учество во реализација на Проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 “, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/6
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 23 став 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен Гласник на Општина Ресен" бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 30.05.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За финансиско учество во реализација на
Проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот
„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува и се дава согласност на намената на инвестицијата за Проектот „ Изработка на техничка документација за изградба на: цевковод за водоснабдување од с. Курбиново до с. Претор со Туристичка Населба и Вилска Населба , изградба на цевковод за водоснабдување од Т.Н. Сирхан до с. Стење , изградба на крак на цевковод приклучен на главен доводен цевковод за водоснабдување (Од Манастир Св. Никола до с. Јанковец). и изградба на канализационен систем за фекална и атмосферска вода во с. Јанковец во Општина Ресен“

Член 2

Вкупниот износ на грантот од донаторот изнесува максимум 30.000 УСД во денарска противредност. Општина Ресен за реализацијата на проектот ќе кофинансира финансиски средства во висина од 20 % од вредноста на грантот, а најмалку 6.000 УСД во денарска противредност. Средствата за кофинансирање, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ресен.

Член 3

Предлог- Проектот се аплицира до Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 „ во рамки на Фондот за техничка документација, кој е финансиран од страна на Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (СИДА) и Бирото за регионален развој а имплементиран од УНДП и Бирото за регионален развој, на објавен Јавен повик за финанисрање на техничка документација за инфраструктурни проекти.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ресен" .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1159/8
30.05.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловскас.р

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/7
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) член 36 ст. 1 т.15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 ст.1 т.8 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010,13/2013, 8/2015 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.05.2023 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време во угостителските објекти на подрачјето на Општина Ресен за два часа за време на одржување на манифестациите во деновите :

-„ Ајде шана мана под Галичица“ од 17.06.2023 год.
-„ Актерот на Европа“ од 06.07.2023 до 08.07.2023год.
- „Илинден“ 02.08.2023 год.
- „Успение на Голема Богородица“ 28.08.2023 год.
- „Преспански јаболкобер 2023`` во деновите 27.09.2023год. до 30 .09.2023 година.
- „Иванден“ 06.07.2023 и 07.07.2023 год.
- „Петровден “ 12.07.2023 год.
- „Иселенички средби с.Наколец“ 15.07.2023 год.
- „Иселенички средби с.Грнчари“ 18.07.2023 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1159/9 Претседател
30.05.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/8
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02), член 16 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Ресен (Сл.гласник на Општина Ресен број бр.7/2010,13/2013, 8/2015 ,11/2015, 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 30.05.2023 година донесе

О Д Л У К А

за измени и дополнување на Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила

Член 1

Во член 2 од Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила („Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2009 и 9/2009,8/20,12/20,) ставот два се менува и гласи:

Еднонасочниот сообраќај по улиците од став еден на оваа Одлука ќе се одвива во периодот од 01.06.до 31.08. во тековната година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Ресен,,

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

бр. 08-1159/10 Претседател
30.05.2023 год. Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид

Се објавува Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/9 Градоначалник
30.05.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка(„Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 14 од Статутот на Општина Ресен (,, Службен гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 , 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седница одржана на 30.05.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид

Член 1

СЕ УТВРДУВА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид поднесен од Градоначалникот на Општина Ресен под број 09- 1158/2 од 23.05.2023 година, за вршење на определени работи од надлежност на градежниот инспектор,од страна на Општина Охрид во корист и за сметка на Општина Ресен.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинската соработка, се доставува до општината Охрид, заради усвојување.

Член 3

Ова одлука влегува во сила од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1159/11 Претседател
30.05.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Социјалниот план на Општина Ресен

Се објавува Заклучокот по Социјалниот план на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/10 Градоначалник
30.05.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.05.2023 година, откако го разгледа Социјалниот план на Општина Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Социјалниот план на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1159/12
30.05.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**Општина Ресен**

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

**Совет за социјална заштита на општина Ресен**

---

*Ресен, 2023*

СОДРЖИНА

1. Вовед

1.1 Социоекономски карактеристики на општината

1.2 Законска регулатива

1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

2. Мапирање на Социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

3.1.1 Услуги на информирање и упатување

3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка

3.1.3 Услуги на советување

3.1.4 Услуги во домот

3.1.5 Услуги во заедницата

3.1.6 Услуги за вон-семејна заштита

3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

3.2.1 Услуги на информирање и упатување

3.2.2 Услуги на стручна помош и поддршка

3.2.3 Услуги на советување

3.2.4 Услуги во домот

3.2.5 Услуги во заедниацата

3.2.6 Услуги за вон семејна заштита

3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

3.4 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПРИОРИТИЗИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И УСЛУГИ ЗА НИВНО НАДМИНУВАЊЕ

4. Потребни капацитети и финансиска поддршка

5. Лиценцирање на даватели на услуга

## 1. ВОВЕД

Согласно член 142 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21,294/21,99/22,236/22 и 65/23) и член 8 т. 23 од Статутот на Општина Ресен, Советот на општина Ресен донесе Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита (бр.08-1789/4 од 20.10.2020 година) составен од единаесет членови од релевантни институции/организации:

1.Лилјана Прцуловски – Претседател, Претставник од општинската администрација;

2.Борче Ристевски член, Претставник на Центарот за социјални работи Ресен;

3. Наташа Веловска член, Претставник од ОО Црвен крст Ресен;

4. Протоерej Михаил Матвеев член, претставник од градските храмови Ресен;2

5. Неџип Ибраимовски член, Претставник на ИВЗ Ресен;

6. Весна Проевска член, Претставник од невладината организација ,,Хумана,, Ресен;

7. Елизабета Волкановска член, Претставник од СОУ ,,Цар Самоил,, Ресен;

8. Себахат Шемшедини член, Претставник од основните училишта Ресен;

9. Д-р Зорица Проевска член, Претставник од ЈЗУ Здравствен дом Ресен;

10. Весна Миркова член, Престставник од Центарот за вработување Ресен;

11. Мите Ефтимовски член, Претставник од ОВР Ресен

Советот за социјална заштита на општина Ресен го изработи овој Социјален план во месец ноември 2022 година со поддршка од страна на Секторот за правни и општи работи и одделението за ЛЕР Ресен. Изготвувањето на социјалниот план е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на Советот за социјална заштита. Социјалниот план содржи мапирање на социјални проблеми и идентификација на ранливи групи на подрачјето на општината, анализа на капацитетите на постоечките социјални услуги и утврдување на потребите за развој на социјални услуги во општината. Овој документ има за цел да послужи како основа за краткорочно и долгорочно стратешко планирање на социјално-заштитните активности на општина Ресен и изработка на годишните програми во областа на социјалната заштита.

Заради надминување на утврдената состојба дека услугите од социјална заштита не ги следат индивидуалните потреби на крајните корисници, новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104/2019, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21,294/21,99/22,236/22 и 65/23 ) предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги. Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор во обезбедувањето и испораката на услугите во заедницата. Во оваа насока општините формираат Совет за социјална заштита и Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион.

Општина Ресен во изминатите години континуирано, ги следи и детектира доминантните приоритети на ранливите групи во руралните и урбаните населби, а што е засновано и на се поголемиот број на барања од жителите за основна здравствена, социјална и хуманитарна поддршка и помош. Во рамките на своите расположиви материјални, кадровски и волонтерски капацитети се обезбедува периодична помош за најзагрозените лица. Со предвидените активности за превенирање и спречување на понатамошното влошување на здравјето, социјалната негрижа, исклученост и општествена изолираност, ќе се подигне степенот на здравствена грижа кај старата популација и другите болни лица и ќе се поттикне социјалната инклузија на корисниците во најосновните текови од општествениот живот и локалната заедница. Сите овие мерки, пак, ќе го подобрат квалитетот на живот на ранливото население во Општина Ресен .

### 1.1. Социо – економски карактеристики на општината

Општината Ресен се наоѓа во Преспанската Котлина, во југозападниот дел на Република Македонија и опфаќа површина од 739 км2. Поделена на копно со 562 км2 и вода со 177 км2, Општината Ресен се граничи со општините Охрид, Битола и Демир Хисар. Во општина Ресен евидентирани се 44 топоними на места, од кои 43 се рурални, од нив 39 активни и 4 неактивни и една урбанизирана средина. Преспанскиот регион е сместен на Балканскиот Полуостров, на тромеѓето помеѓу Република Македонија, Албанија и Грција. Оваа област се смета за еколошки ентитет од глобално значење бидејќи тука може да се сретнат разновидни биотопи – езера, планина и шуми кои имаат единствени, уникатни карактеристики. Езерата Мала Преспа и Голема Преспа се меѓу најстарите езера во Европа, и затоа во нив може да се најдат голем број на ендемски видови. Регионот се смета за значаен резервоар на биодиверзитетот и природната продукција. Општината Ресен е сместена во Преспанската котлина и ограничена со планините Баба (највисок врв Пелистер 2600 м.) на исток и Галичица (2235 м.) на запад. На север се планините Плакенска и Бигла (1933 м.) а на југ на албанскиот дел со Горбач (1750 м.) и нешто пониските ограноци на Галичица. Преспанската котлина се наоѓа помеѓу двата национални паркови Пелистер и Галичица, односно на нејзина територија се распространети и двата национални паркови. Меѓународна поврзаност регионот остварува со Република Албанија преку граничниот премин кај Стење.

На територијата на општина Ресен живеат 14373 жители во 4906 домаќинства, а според етничка припадност Македонци се 10690 жители, Албанци се 2076 жители, Турци се 1811 жители, Роми се 314 жители, Власи се 45, Срби се 75, Бошњаци се 12 жители итн. Бројот на стари лица изнесува 2510, деца од претшколска возраст 1008, ученици 1293, средношколци 1018. Во општината има 5 основни и едно средно училишта. Бројот на невработени млади во општината изнесува 1325 лица, а население со високо образование 2498 лица. Во општината егзистираат 631 активни деловни субјекти.

Како и во целата држава зголемен е бројот на младите лица кои се иселиле во странство или во други градови од РСМ. Со оваа миграција постарите лица кои остануваат имаат потреба од помош или поддршка за време на нивното стареење како и нега при дадени ситуации.

### 1.2. Законска регулатива

-Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/2019, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21,294/21,99/22,236/22 и 65/23 година),

-Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година)

-Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),

-Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)

-Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, и ,,Службен весник на РСМ бр.53/21))

-Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 24/21),

-Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 , 47/11, 192/15 и 209/18 и ,, Службен весник на РСМ ,, 244/19, 53/21, 77/21,150/21 и 173/22),

-Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),

-Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),

-Националната политика за социјална заштита, и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија;

### 1.3.Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Во рамки на општинската администрација во Општина Ресен прашањата од доменот на социјалната заштита се во надлежност на Секторот за правни и општи работи во чиј состав се Одделение за правни и општи работи и Одделение за јавни дејности. Во Одделението за јавни дејности постои работно место кое е пополнето со вработено лице-раководител на одделение за човечки ресурси кое е најдиректно задолжено за активностите во доменот на социјалната заштита – Лилјана Прцуловски (телефон 078 308 402 e-mail: liljanaprculovski@gmail.com).

Градоначалникот и Советот на општина Ресен се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, за обезбедување на средства по разни основи да ги задоволат потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Во овие активности соработуваат со Центарот за социјана работа Ресен, ЈЗУ Здравствен дом Ресен, Центарот за вработување Ресен и граѓанскиот сектор од Ресен а со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеаат во Општина Ресен. Соработката со граѓаните се одвива најчесто преку реализирање на заеднички проекти, индивидуални средби, трибини,

посета во домови и советувања. Недостаток од немањето на посебно Одделение за Социјална заштита го пополнува одделението за Локален Економски Развој.

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање, податоците беа обезбедени од релевантни институции, НВО сектор кои беа консултирани и вклучени со цел инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите граѓани. Секој од нив од доменот на своето работење придонесе со преглед и анализа на состојбите во институцијата и даде предлози за понатамошна акција.

### 2.1. Мапирање на корисници на права и услуги од ЈУ Центар за социјална работа Ресен

Врз основа на поднесено барање од страна на општина Ресен до ЈУ Центар за социјална работа Ресен за користење на правата и услугата од областа на социјалната и здравствената заштита добиени се следните податоци од користење на права и услуги по број на предмети за месец Ноември 2022 и тоа:

*Овие податоци варираат на месечно ниво

| | |
|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 187 |
| Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 326 |
| Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | 1 |
| Додаток за домување | 0 |
| Траен надоместок | 0 |
| Еднократна парична помош и помош во натура | 2 |
| Право на социјална сигурност за стари лица | 3 |
| Здравствена заштита | 16 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | 0 |
| Право на Детски додаток | 106 |
| Право на посебен додаток | 45 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 80 |
| Образовен додаток (основно и средно) | 159 |
| Образовен додаток (трето и четврто дете) | 78 плус 4 |
| Народна кујна | 0 |
| Бракоразводи | 7 |
| Лица со нарушени партнерски и брачни односи | 10 |

| | |
|---|---|
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее | 12 |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | 0 |
| Жртва на семејно насилство | 3 |
| Дете со пречки во менталниот развој и телесна попреченост | 45 |
| Дете во ризик | 18 |
| Дете во судир со законот | 0 |
| Дете под старателство | 8 |
| Надзор над вршење на родителско право | 0 |
| Полнолетно лице со пречки во менталниот развој и телесна попреченост | 59 |
| Старателство на лице со целосна одземена деловна способност | 7 |
| Старателство на лице за посебен случај | 33 |
| Носител на згрижувачко семејство | 0 |
| Советувалиште за брак и семејство | 0 |
| Други услуги што ги обезбедува ЦСР | |

Најчести користени права се Гарантирана минимална помош (ГМП), Паричен надоместок заради попреченост и Паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Во општина Ресен нема народна кујна и треба да се воспостави бидејќи има потенцијални корисници (добар пример Пробиштип, Злетово)

### 2.2. Мапирање на деца и лица со попречености

Според направената анализа од последната евиденција на ЈУ Центар за социјална работа Ресен вкупен број на лица корисници на правото на паричен надоместок за попреченост го користат 104 корисници од кои 45 се деца со попреченост, а 59 возрасни лица со попреченост, за месец Ноември 2022.

| | |
|---|---|
| Право на попреченост | 104<br>(45 деца плус 59 возрасни) |
| Деца кои користат посебен додаток за попреченост 45: | |
| Деца со пречки во ментален развој | 4 |
| Оштетен слух | 2 |
| Оштетен вид | 2 |
| Пречки во вербална комуникација | 4 |
| Тешки пречки во телесен развој | 4 |
| Потешки пречки во телесен развој | 3 |

| | |
|---|---|
| Најтешки пречки во телесен развој | 1 |
| Аутистични лица | 1 |
| Лица со даунов синдром | 2 |
| Најтешки облици на хронично болни лица | 11 |
| Лица со комбинирани пречки | 10 |
| Возрасни лица со попреченост 59 | |
| Возрасни лица со оштетен вид | 17 |
| Возрасни лица со оштетен слух | 14 |
| Возрасни лица со пречки во телесен инвалидитет | 24 |
| Возрасни лица со пречки во ментален развој | 4 |
| Цивилна инвалидна | |

Статистиката во општите документи беше оскудна и со одредени несовпаѓања меѓу податоците обезбедени на статистичките сајтови, податоци достапни во агенцијата за вработување и податоци достапни од НВО, и други субјекти. Според податоците добиени од Центарот за социјална работа Ресен 104 лица со попреченост се евидентирани во системот за социјалната заштита. Остатокот од анализираните податоци во поглед на образовната структура и вработеноста на овие лица го потврди статусот на 24% (само 26 лица со пречки во развојот) и тоа: седум (7) деца кои посетуваат основно и едно (1) кое посетува средно образование во општината девет (9) невработени лица со попреченост пријавени во Агенцијата за вработување, а девет (9) лица кои користат услуги на дневен престој во дневен центар. Недостасуваат информации од овој вид за 78-те лица и нивниот статус, освен фактот дека биле корисници на достапните шеми за социјална помош според горната табела. Немаше достапни податоци ако има деца кои се надвор од редовното школување, а кои не се дел од дневните активности на центарот за грижа, па дури и системот за социјална заштита. Беше невозможно да се најдат информации за лицата со попреченост кои се вработени, кои не се вработени и причините зошто не се пријавени во агенцијата за вработување. Недостасуваат квалитативни информации кои вклучуваат: старосни структури, родова распределба, степен на образование, учество во образовни циклуси, осипувања од училишта доколку ги има, причини за нерегистрирање во системот, причини зошто општинските служби се неискористени во целост, работен однос и статус на вработливост, квалификации на вработените и невработени лица, каде се вработени, информации за лица кои не се регистрирани во системот на социјална заштита, здравствени состојби, причини за слабото вработување на лицата со попреченост и покрај тоа што државата обезбедува бенефиции за бизнисите кои вработуваат лица со попреченост. Податоците во развојните документи на општината потврдија дека на децата и на лицата со попреченост им треба поголемо внимание во рамките на политиката изработка и планирање.

Со вкрстена проверка на податоците од Центарот за социјални работи, Здравствен Дом Ресен, Извештајот од социјалното мапирање, НВО-и, АВРМ Центар за вработување Ресен и искуство и евиденција на социјалните работници од Преспа вкупна бројка на лица со попреченост во Општина Ресен е 104 лица(во период додека се изработува планот). Сè уште се проценува присуство на околу 20 до 25 лица со попреченост и родители кои не се чувствуваат како лица со попреченост или не ги пријавуваат децата како такви поради нивната добра функционалност или стигматизираност во општеството. Бројот на ученици во училиштата кои спаѓаат во оваа категорија е веројатно поголем, но секогаш постои опструкција од родителите да ги однесат децата на формални проценки за попреченост. На оваа група корисници треба да ги додадеме останатите лица кои се потенцијални корисници на нашите услуги (стари

лица кои живеат сами и им е потребна услуга, тешко болни лица, други категории возрасни лица кои имаат потреба и се подготвени да платат ваква услуга...) Оваа бројка е сигурно над 400 (податок добиен со вкрстување на податоци од Центарот за социјална работа Ресен, Домот за здравје Ресен , Извештај од пописна комисија, Извештај од гласачкиот список на лица кои гласат во домот, Извештајот од примателите на додатоци за нега и попреченост).

Според попреченоста опфатени се лица со:

- интелектуална попреченост
- даунов синдром
- аутизам
- церебрална парализа и друг вид болни деца и стари лица и изнемоштени лица кои имаат потреба од разни здравствени, здравствено поврзани и социјални услуги поради физички, когнитивни, ментални состојби, попречености, органски заболувања и имаат потреба од палијативна грижа и нега
- оштетен вид, говор и слух
- комбинирани пречки во развојот.

Значаен капацитет за понуда на социјални услуги на територијата на Општина Ресен е Дневен центар за лица со попреченост како организирана форма на социјална сервисна услуга која работи под МТСП во склоп на Центарот за социјална работа Ресен. Со ангажирање и обучување на 2 стручни лица овој центар постојано го посетуваат 9 лица со различен вид на попреченост и на различна старосна возраст кои добиваат дополнителна услуга во вид на физиотерапевтски вежби во центарот. За оваа цел Општина Ресен бесплатно има отстапено на користење простории како посебен простор во кругот на Детката градинка во Ресен.

Во општина Ресен делуваат две хуманитарни здруженија: Хуманирарното здружение ,,Хумана Преспа,, Ресен и меѓуопштинско хуманитарно здружение ,,Мобилност,, подружница Ресен. Во нив членуваат околу 130 членови. Здружението Хумана Преспа користи канцеларијата и простор кој е доделен на користење од страна на општината, во кој се обезбедени предуслови за организирање и спроведување на спортски, креативни и други активности кои се достапни за крајните корисници и истите се простор каде секојдневно лицата со попречености се среќаваат и се вклучуваат во активностите. Здружението Мобилност располага со општинска сала за Кинези терапија, опремена со справи за вежби за подобрување на општата кондициона состојба на корисниците и слично. Постојаните проблеми со кои се соочуваат се неможност или отежнато остварување на секојдневните обрски и потреби, потреба од зголемена физичка активност преку практицирање на одредени вежби, проблеми и потреби за подобрување на инклузијата во образовниот процес на класифицирани деца со посебни потреби и проблеми во остварување на своите граѓански права пред институциите заради нивната попреченост.

Општина Ресен спроведува активности во рамки на Програмата Општинско Корисна работа во периодот од 2015 година до 2022 година. Со финансиска подршка на ОКР Програмата во општината се воспоставија локални сервисни услуги за лицата со посебни потреби – лица со телесен инвалидитет и комбинирани пречки. Во периодот од 2015 до денес воспоставените услуги се надградуваат и прошируваат со воведување на нови услуги и зголемен број на крајни корисници на резултатите. Почнувајќи од 40 корисници, денес бројот на корисници на овие услуги изнесува 80 лица. За спроведување на сервисните услуги се ангажираат 8 лица, кои се обучени во рамки на Програмата ОКР при што имаат стекнато и соодветни сертификати.

Од месец септември 2022 година во понудата на социјални услуги во општина Ресен се приклучи и Здружението за рурален развој ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА ПРЕСПА Ресен која реализира проект до ниран

од УНДП. Со овој проект се подготвува и почнува со работа сервис кој дава континуирана помош, нега и одмена на семејна грижа во домот на лицата со попреченост, болни лица, стари и изнемоштени лица кои имаат потреба од разни здравствени, здравствено поврзани и социјални услуги со коишто им се помага поради функционални ограничувања поради физички, когнитивни, ментални состојби, попречености, органски заболувања и имаат потреба од палијативна грижа и нега. Во првата година од траење на проектот ќе се опфатат 30 од овие лица. (од вкупно 400 потенцијални корисници на вакви услуги) Овој број се предвидува да порасне до 50 лица во период од 3 години.

Како важен фактор во граѓанската поддршка и спроведување на сопствена програма за социјални и хуманитарни активности во општина Ресен се јавува ОО „Црвен Крст Ресен,,. Оваа организација спроведе обука за помош и нега на стари лица и лица со попреченост која обука се реализира во овластен тренинг центар. Младите волонтери од ОО Црвен Крст реализираа проект „Услуги за лица со попреченост„ спроведуван од страна на УНДП и Општина Ресен. Беше спроведена иновативна активност – МАПАТОН- собрани податоци и мапирање на бариерите (со помош на мобилна апликација) со кои се соочуваат лицата со попреченост во местото на живеење.

### 2.3 Мапирање на деца од социјално ранливи категории во основни училишта и детски градинки

Во општина Ресен функционираат 5 основни училишта со вкупно 776 ученици и едно средно училиште кое го посетуваат 318 ученици. Социјални услуги вклучуваат една централна градинка со вклучени два објекти во други просторни услови кои се згрижуваат 138 деца на возраст од 9 месеци до 6 години, со седиште во Ресен. Со цел да се добијат попрецизни податоци за социјалните аспекти во образовниот систем, во продолжение ќе бидат искористени податоците добиени од претставници на ЈУ „Центар за социјална работа,, Ресен, училишта, детските градинки и преку спроведени интервјуа на неколкуте вработени лица. Податоците покажуваат дека нема голем број на ученици чии семејства се корисници на Гарантирана минимална помош. Идентификацијата на учениците од социјално ранливите категории се врши преку преку идентификација од наставниците. Најчести идентификувани социјални ризици што преовладуваат меѓу учениците во општина Ресен се: деца од еднородителски семејства, деца од семејства со финансиски проблеми . Основните училишта во општина Ресен остваруваат соработка со надлежните институции од системот на социјална заштита кога за тоа се јавува потреба. Исто така, се реализираат и повремена соработка со хуманитарни здруженија (на пример, Црвен крст), со граѓански здруженија/невладини организации, со кои се организираат работилници на различни теми (насилство, родова еднаквост, трговија со луѓе и сл.). На учениците од социјално ранливите категории училиштето им помага преку организирање на акции со кои се собира облека, обувки, хуманитарни пакети а потоа училиштето им ги донира на семејствата. Најчести идентификувани социјални ризици што преовладуваат меѓу децата во детските градинки во општина Ресен се деца од самохрани родители и деца со семејства со ниски приходи. Во детската градинка треба да се настојува преку проект или на друг начин да се обезбеди бесплатен престој за деца од ромската заедница.

Направени се секундарни анализи на податоци за деца/зависни лица со попреченост на општинските статистики за образование. Регистрирани се <u>седум ученици</u> со попреченост во основните училишта и <u>еден</u> во гимназијата, (вкупно осум). Податоците за образованието од претходните години укажуваат тој број на ученици во основното образование бил поголем од сегашната посетеност на локалното средно училиште. Ова покажа дека децата со попреченост или избираат да продолжат со средно образование во други градови или едноставно не го продолжуваат образованието. Услугите се креираат во зависност од потребата на секој корисник. Ќе се изработува индивидуална програма и индивидуален план за посета поединечно за секое лице.

Истражувањето спроведено од Еко Герила Преспа потврди присуство на 39 деца/ издржувани лица со попреченост во општина Ресен. Има 24 женски и 15 машки деца/зависни лица. Нив им се организира едукација и користење на установи за згрижување на деца и лица со инвалидитет . Има четири (4) деца кои посетуваат специјализирани училишта со седиште во општината Битола. Само две (2) деца (на возраст од 5 и 16 години) од селата кои не посетуваат никакво образование .

Општина Ресен во изминатите неколку години како и сега е дел од Програмата Општинско корисна работа ангажирајќи два образовни асистенти за ученици кои се инклузирани во редовна настава во основните и средното училиште.

- Во склоп на Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и други пречки во развој „Кочо Рацин“ е вклучен и социјално-заштитен оддел (ИНТЕРНАТ) кој ги обезбедува пред се основните егзистенцијални услови за образование и воспитание на учениците надвор од местото на живеење (сместување, исхрана, нега и превентивна здравствена заштита). Тука, децата со различни пречки во развојот, се стекнуваат со потребни знаења и работнокултурно-хигиенски навики. Опфатени се во групи, за кои покрај негувателите кои се грижат за негата, личната хигиена и создавање хигиенски навики кај учениците, воспитувачите - недефектолози делуваат на создавање можности за задоволување на индивидуалните потреби, желби и интереси на детето и позитивно исполнување на слободното време. Здравствениот персонал (доктор и медицинска сестра) во континуитет ја следат здравствената состојба на учениците и вршат превентивна здравствена заштита. Социјалниот работник какао застапник на децата и родителите пред надворешни институции и соработници ја координира работата на одделот и воедно претставува мост помеѓу семејството, заводот и локалната заедница. Овој центар го користат и 4 корисници од општина Ресен. Нив ги советуваат и упатуваат две стручни лица.

**2.4 Мапирање на ромската заедница во општина Ресен**

Во општина Ресен покрај ромска постои и популација еѓипќани. За мапирање на ромската и еѓипќанската заедница покрај користење на официјални податоци од пописот остварена е тесна соработка со невладини организации и претставници од овие заедници. Според најновиот попис од 2021 година бројката изнесува 314 Роми, се однесува за бројка која официјално фигурира за оние жители кои се изјасниле како Роми. Со оглед на долгиот период без реално утврдување на составот на населението, искористивме теренските податоци и информации со кои располагаат невладините организации, па според нив претпоставена бројка на жители од Ромската етничка заедница кои живеат на територијата на општина Ресен е околу 400 Роми и 120 египќани. АВРСМ не располага со податоци за вкупен број на невработени Роми, ниту за бројот на жени и мажи, но укажува дека е многу мало учеството на ромите на пазарот на труд, со веројатност дека дел од нив не се информирани ниту со постоењето на активните политики и мерки за вработување. Оттука произлегва потребата за поголема соработка со Ромската заедница и стимулирање на ромското население за поголема вклученост и искористенот на можностите кои им стојат на располагање.

Најчести причини за невработеноста, ромското население го истакнува немањето на образование и вештини за вработување, а сметаат и дека немаат можности за вработување. Исто така голем дел од нив и не бараат работа. Најголем дел од Ромите во Ресен се запознаени со постоењето на активните политики на пазарот на трудот но постои потреба од поголема информираност за критериумите и условите за искористување на активните програми и мерки за вработување, а потребно е и стимулирање на ромското население за поголема вклученост во мерките за вработување преку Агенцијата за вработување.

Според преставниците на ромската заедница во општина Ресен, ромската популација во Ресен како што е претставена е средовечна, околу 46% од населението е на возраст од 0 до 18 години; 51% се во опсегот 19-64 години, а 3% имаат над 64 години. Ромите се со низок степен на образование или без оформено основно образование живеат најчесто во гета-ромски маала во нелегализирани објекти. Според податоците од ЦСР, лицата од ромската заедница најчесто се корисници на паричните права, но најмногу на ГМП. Приходите главно доаѓаат од ГМП која е еден важен извор на приход на кој се потпираат многу ромски семејства. Голем е бројот на невработени лица кај ромската популација. Мажите Роми во Ресен најчесто работат физички работи, пред се работа со дрва и земјоделски сезонски работи, а жените примањата најчесто ги обезбедуваат работејки поретко во фабрики, а почесто како сезонска земјоделска работа или услуги по домовите и други објекти. Во последните три години е забележано значително зголемување на населението поради создавање на нови семејства. Во Општина Ресен просечното ромско семејство го сочинуваат 5 члена, кои живеат во домаќинство составено од родители и деца. Кај Ромското население трендот на внатрешна и надворешна миграција најголема беше пред 4 – 5 години каде масовно заминуваа во земјите на Европската Унија и најчесто на возраст од 30 – 35 години. Внатрешна миграција има кога заминуваат на сезонски работи во другите градови во Македонија и остануваат од 1 до 3 месеци и потоа се враќаат дома

Како особено ранлива група се јавува жената Ромка како самохран родител при прекин на вонбрачната заедница и при доделувањето старателство врз малолетните деца. Во однос на предучилишното образование, стапката на упис во градинката е најважен показател за одредување на раниот детски развој. Голем број на деца Роми не посетуваат градинки, а како најчести причинители се социјалниот статус, односно поради финансиски причини, како и немањето место во градинките. Во општина Ресен треба да се спроведуваат активности и проекти за „Инклузија на деца Роми во детските градинки" и да се вклучат деца Роми (на возрадт од 3 до 6 години) во детската градинка кои бесплатно постуваат градинка.

Дополнителна причина што ги прави ромите ранливи и социјално исклучени од локалните активности е фактот што добар дел од нив живеат на локација која не е урбанизирана и на која нема канализациона и водоводна мрежа, електрична енергија и основни услови за живот. Ова е долгогодишен проблем за кој општина Ресен и се обидува да изнајде соодветно и хумано решение. Идејата е најпрво да им се обезбедат елементарни услови за домување , да се постават контејнери кои ќе бидат опремени и со приклучок на водоводна, канализациона мрежа и електрична енергија, а потоа преку стручните служби да им се помогне да се направи нивна ресоцијализација и реинтеграција и пополека со помош на државна, донаторска и друг вид поддршка да ги подобрат стамбените и други услови за живот. Проблемите со кои се соочуваат Ромите се комплексни и бараат мултисекторски пристап, а особено е важно да се работи со најмладите и да се инвестира во нивниот ран детски развој, со цел да се надмине интергенерациската сиромаштија со која се соочени.

### 2.5 Мапирање на невработени лица

Заклучно со состојба од 30 Ноември 2022 година, во Центарот за вработување Ресен евидентирани се невработени лица и други лица кои бараат работа. Мажите во вкупниот број на евидентирани невработени се застапени со 1784 лица, во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 725.

Број на невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Ресен, со место на живеење во Општина Ресен, според возраст, школска подготовка, националност, време на чекање на вработување и пол, со состојба на 30.11.2022 година како и за број на невработени инвалидни лица евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Ресен, со место на живеење во Општина Ресен, според возраст, школска подготовка, вид на инвалидност и пол, податоците се како што следува:

| Општина Ресен | Вкуп но | Од 15-19 год. | Од 20-24 год | Од 25-29 год | Од 30-34 год | Од 35-39 год | Од 40- 44 год | Од 45-49 год | Од 50- 54 | Од 55-59 | 60 год. повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| активни баратели на работа | 1234<br>Ж 574 | 19<br>Ж 6 | 107<br>Ж 55 | 130<br>Ж 64 | 151<br>Ж 76 | 143<br>Ж 78 | 122<br>Ж 57 | 128<br>Ж 61 | 130<br>Ж 59 | 162<br>Ж 76 | 142<br>Ж 42 |
| пасивни баратели на работа | 550<br>Ж 250 | 1<br>Ж 0 | 24<br>Ж 8 | 50<br>Ж 27 | 54<br>Ж 17 | 53<br>Ж 23 | 49<br>Ж 27 | 52<br>Ж 24 | 68<br>Ж 31 | 118<br>Ж 62 | 86<br>Ж 31 |

Број на невработени млади во општина Ресен 1325 лица

Процент на невработеност на жени (% од население) во општина Ресен 617 лица или 4,2922 %

Процент на вработеност на лица над 15 г. 4744 лица или 33,006 %

Број на население со високо образование 2498 лица

Анализата на невработените лица според степенот на образование, укажува дека без образование или со основно образование се заведени 778 лица, со непотполно средно образование се 103 лица, со завршено средно образование 547 лица, со више образование 28 лица, со високо образование 212 лица, невработени се магистри на науки 16 и еден доктор на науки.

| Општина Ресен | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| активни баратели на работа 1234<br>Ж 574 | 514<br>Ж 239 | 62<br>Ж 12 | 453<br>Ж 199 | 15<br>Ж 8 | 176<br>Ж 107 | 14<br>Ж 9 | 0<br>Ж 0 |
| пасивни баратели на работа 550<br>Ж 250 | 264<br>Ж 27 | 41<br>Ж 14 | 193<br>Ж 86 | 13<br>Ж 7 | 36<br>Ж 14 | 2<br>Ж 1 | 1<br>Ж 1 |

Во однос на националната припадност бројот на невработени лица е најзастапен кај Македонците а потое следат Роми, Турци, Албанци, Власи, Срби и други лица.

Од достапните податоци може да се заклучи дека бројот на евидентирани невработени лица со инвалидитет е мал. Евидентирани невработени инвалидни лица во Општина Ресен според видот на инвалидитет се дадени во следната табела.

| Општина Ресен | Вкупно | Воени мирновнски инвалиди | Инвалид на трудот | Пречки во видот | Пречки во слухот | Телесна инвалидност | Лица со пречки во разв | Лица со повеќе видови инва | Останати некатег. видови на инв. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се же | Се ж | Се ж | Се ж | Се ж | Се ж | Се ж | Се ж | Се ж |
| Лица | 59 | | | 17 | 14 | 24 | 4 | | |
| Деца | 40 | | | 2 | 2 | 3 | 7 | 22 | 4 |

Согласно Законот за вработување на инвалидни лица, нема поднесено барања од работодавачи со седиште во Општина Ресен за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за вработување

за невработени инвалидни лица. Со Програмата за самовработување, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, не е евидентирано невработено инвалидно лице со место на живеење во Општина Ресен, кое отпочнало сопствен бизнис, односно се самовработило. Во АВРСМ - Центар за вработување Ресен, со место на живеење во Општина Ресен, со состојба на 30.11.2022 година, не се евидентирани невработени лица - корисници на право на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок согласно Законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост во државата.

### 2.6. Мапирање на стари лица

Една од спецификите на општина Ресен е демографското стареење кое е и еден од нејзините главни проблеми. Согласно податоците од Државен Завод за Статистика во општина Ресен има 4315 лица на возраст над 60 год. Денешната статистика од ПИОМ и Здружението на пензионери покажува значително зголемен број на стари лица, односно пензионери, а тоа покажува еден зголемен степен на старост во општина Ресен.

| | Општина Ресен | |
|---|---|---|
| **Распределба** | **Број** | **Процент** |
| 60-64 | 1 277 | 8 |
| 65-69 | 1 100 | 7 |
| 70-74 | 703 | 4 |
| 75-79 | 517 | 3 |
| 80 и повеќе | 718 | 4 |
| **ВКУПНО** | **4315** | **26%** |

Во услови кога се соочуваме со масовна миграција на младите и работоспособни лица кон развиените урбани средини, а во последните години се почесто надвор од нашата држава, многу стари и изнемоштени лица се останати без грижа и поддршка од семејствата наоѓајќи се во незавидна психо-физичка состојба, а многу често и во социјален ризик. Оваа ситуација особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. Од досегашните теренски активности кои ги изврши Центарот за социјални работи се констатира дека постарата популација се соочува со низа социјални, станбени и здравствени услуги, недостапност до јавните служби и најчесто немање на поддршка од семејството. Исто така, опфатот на најранливата категорија на жители на територијата на општината и подрачните заедници се стари лица кои често живеат сами од различни причини, лица кои имаат здравствени проблеми како и лица со инвалидитет кои не можат самостојно да ги извршуваат задачите.

Согласно податоците од евиденцијата на Центар за социјални работи има 69 стари изнемоштени лица кои имаат проблем со одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката на храна и лекови, плаќање на сметките. Од досегашното искуство и анализи спроведени од Општинската организација на Црвен Крст Ресен, која континуирано и успешно имплементира активности за нега и помош на стари лица, се дојде до констатација дека најголем дел од старите лица земаат пензија (лична,

семејна, земјоделска) која им овозможува услови за скромен живот. Пензионерите се организираат во Здружението на пензионери од Ресен кое има свои простории во централното градско подрачје, каде секојдневно се дружат, играат карти, домино и други друштвени игри. Со оглед на тоа дека Ресен е земјоделски крај, еден дел од пензионерите се занимаваат со земјоделие и немаат многу слободно време за слободни активности и дружење. Останатиот дел од пензионерите, особено старите и изнемоштени лица се соочуваат со проблеми од изолираност, осаменост и немоќ за извршување на основните егзистенцијални активности. За нив најсоодветно е креирање на нови социјални услуги кои би им го олесниле функционирањето, но и би го намалило процентот на лицата кои живеат сами и изнемоштени.

Направени се неколку интервјуа со претседатели на Месните заедници и е констатирано дека во селата живее претежно старо население од кои некои од нив се грижат сами, а на некои им помага семејството. Преку програмата Општинско корисна работа и програмата за патронажа во 2020, 2021 година 400 стари изнемоштени лица добија сервисна услуга преку набавка на храна, прегледи, плаќање сметки и др. Направени се интервјуа со претставници на Здружението на пензионери од Ресен. Од разговорите заклучуваме дека во однос на старосната структура преовладува старо население, бидејќи кај младите постои тренд на иселување.

Во Преспа нема Дом за сместување на пензионери, а има потреба од таков објект. Затоа е потребна иницијатива од приватниот, јавниот сектор и донаторската заедница за инвестирање во ваков вид објект. Со тоа би се обезбедила основна заштита-сместување на старите лица во зависност од видот на корисниците кои немат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон семејна заштита. Како дополнителна можност е организирање на посебни термини за престој и анимација на пензионери во Дневниот центар за лица со попреченост во Ресен. Во Центар за социјална работа 147 лица се корисници на социјална пензија (право на социјална сигурност за стари лица). Од извршените прегледи при проектот за патронажа 15 % се со висока гликемија, а 30% од истите се со покачен притисок. За оваа целна група старите лица потребно е услуга помош во домот и услуги од областа на здравствената нега.

Руралните населби со своите карактеристики се разликуваат од урбаните средини, па затоа и потребите и приоритетите на населението од овие подрачја се различни, а во тој контекст и начинот на справувањето со предизвиците во општествено-социјалното живеење. Лицата во руралните средини се почесто во социјален ризик, особено старите кои често остануваат да живеат сами, дополнително што голема е веројатност да се соочуваат и со нарушување на психофизичките способности и здравјето. Во руралните средини особено е изразена и сиромаштијата, а голем број семејства живеат без обезбедени елементарни услови за егзистенција и најголем дел од нив се на товар на државата. Според податоците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, според видот на пензии, најголем број корисници добиваат старосна пензија, потоа се корисниците на семејна пензија и корисниците на инвалидска пензија но не добивме точни податоци за бројот на приматели на овие видови пензии. Иако старосна пензија добиваат најголем дел од старите лица, како ранлива група се издвојуваат лицата кои имаат низок износ на пензија, со што не можат да ги задоволат основните егзистенцијални потреби. Во голем број повеќегенерациски семејства, неретко пензијата претставува единствен извор на приходи за сите членови. Од ова може да се заклучи дека сепак е голем бројот на стари лица со навршени 65 години возраст кои немаат никакви приходи, односно не се корисници на пензија по било кој основ како и немаат сопствени имоти и имотни права од кои кои би можеле да се издржуваат.

### 2.7 Мапирање на насилство врз жените и семејно насилство

Во Општина Ресен во 2022 година од евденцијата на ЦСР Ресен и МВР Ресен регистрирани се 3 жртви на семејно насилство од исто толкав број на вршители на насилството кои побарале превземање на мерки за заштита од семејно насилство , не е регистрирано дете жртва на семејно насилство ниту стари лица жртви на семејно насилство. Во однос на видот на насилство најчество се пријавува психичкото и физичкото насилство. Жртвите на семејно насилство се со нарушени семејни односи на возраст од 25-55 години, невработени лица кои користат права од областа на социјалната заштита. Во однос на видот на насилство најчество се пријавува физичко насилство.

Во општина Ресен не постои здружение-хуманитарна организација за бесплатна правна и друг вид на помош на која би им се обраќале жртвите на семејно насилство и би добивале поддршка во пристапот кон неопходните услуги во што би се вклучил и Центарот за социјална работа Ресен.

Во однос на видот на насилство, самохраните жртви најчесто се соочуваат со економско насилство (неплаќање на издршка и неможност да се наплати дури ни по судски постапки и со присилно

извршување). Останати видови на економско насилство се непридонесување кон потребите на домаќинството. Во некои случаи малолетни деца се индиректни жртви, значи кон нив не било директно упатено насилството, туку се сведоци или живеат во средина со насилство. Сите се жртви на психолошко насилство. Во многу случаи има и физичко насилство. Може да се сублимира дека најчести жртви на семејно насилство се жените и тоа на физичко насилство пропратено со психолошко насилство, на возраст од 25 до 55 години, невработени , без имот на нивно име, финасиски зависни од своите сопрузи, децата во најголем број случаи се индиректви жртви на насилство. Жените жртви се соочуваат со финансиска зависност од партнерот додека се во брак, а по напуштањето на брачната заедница, со зависност од помошта и поддршката на родителите. Тешко остваруваат пристап до правда.

Бројот на бракоразводни постапки во општината за 2022 година е 7, соодветно, а евидентирани се трите жртви на семејно насилство за тој периодот.

**2.8. Мапирање на корисници кои инјектираат дроги и алкохол**

Во евиденцијата на центарот за социјална работа Ресен не се регистрирани лица кои злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанци и не се регистрирани лица кои се зависници од алкохол.

Но сепак бројот на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дрога а и други психотропни супстанции и прекурзори во Општина Ресен е алармантен и изнесува над 200 деца и над 80 полнолетни (иако оваа бројка е добиена од невладините организации и е ориентациона, бидејќи не добивме податоци од ниедна друга институција од која побаравме податоци). Овие податоци покрај од Невладините организации, во иднина ќе ги настојуваме да ги обезбедиме од Здравствен Дом Ресен, МВР Ресен и други институции. Исто и за зависниците од алкохол во иднина ќе се настојува да се обезбедат податоци .

Треба да се мобилизираат и стимулираат невладините организации да ја анализираат состојбата на терен и да ги насочуваат младите кон вистинските вредности. Главна активност на вакви здруженија треба да биде програмата за намалување на штети од употреба на дроги која е наменета за корисници на дроги кои инјектираат нивните семејства и младите под ризик. Програмата треба да се состои од повеќе сервиси под еден кров преку кои би се влијаело кон намалување на штетните последици од употребата на дроги со цел да се подобри здравствената и социјалната состојба на корисниците. Корисниците би ги добивале следниве услуги: превенција на котристење на недозволени средства преку советувалишта, обуки, практична креатривна и друг вид работа, достапност и размена на опрема за ињектирање на терен и во стационар, активности за отстранување на искористената опрема за инјектирање од познати локации, чистење на јавни површини од отфрлен инфективен отпад, основна медицинска помош за намалување на последиците од долготрајно и неправилно инјектирање информации за сексуално и репродуктивно здравје од медицински тим, психијатриска помош и советување, бесплатно советување и тестирање, едукација давање на информации за ХИВ/СИДА, Хепатит Б и Хепатит Ц.

### 2.9. Мапирање на деца на улица

Во однос на бројот на деца на улица ЦСР Ресен не е евидентиран тој податок. Но сепак се наметнува потребата да се направи мапирање на оваа целна група и нејзина идентификација, и доколку се јават случаеви на деца на улица истите да се евидентираат и да се утврдат специфичните потреби и предлози за идни мерки. Исто така МВР Ресен во својата евиденцијата нема евидентирано случаеви на асистенција на АВРСМ за деца на улица.

Евидентирани се шест деца без родителска грижа, кои имаат старатели и се сместени во установа во Битола. Има еден случај на згрижено дете во згрижувачко семејство кое е од Ресен а е згрижено во друга општина . Во општина Ресен нема установа за деца без родители и родителска грижа.

### 2.10 Миграциите како социјален ризик

Како и во целата држава алармантна е појавата на зголемена миграција на младата популација во потрага по вработување надвор од нашата држава, што доведува до дизбаланс помеѓу младите и старите т.е зголемен број на стари лица. Демографското стареење е еден од главни проблеми. Согласно податоците од Државен Завод за Статистика од пописот од 2002 година во општина Ресен над 16 000 жители а со најновиот попис 14 230 жители. Во услови кога се соочуваме со масовна миграција на младите и работоспособни лица кон развиените урбани средини, а во последните години се почесто надвор од нашата држава, многу стари и изнемоштени лица се останати без грижа и поддршка од семејствата наоѓајќи се во незавидна психо-физичка состојба, а многу често и во социјален ризик. Оваа ситуација особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. Од досегашните теренски активности кои ги изврши Центарот за социјални работи се констатира дека постарата популација се соочува со низа социјални, станбени и здравствени услуги, недостапност до јавните служби и најчесто немање на поддршка од семејството. Исто така, опфатот на најранливата категорија на жители на територијата на општината и подрачните заедници се стари лица кои често живеат сами од различни причини, лица кои имаат здравствени проблеми како и лица со инвалидитет кои не можат самостојно да ги извршуваат задачите. За тоа постои потреба од воведување на нови и проширување на старите социјални услуги на општинско ниво за оваа категорија граѓани.

### 2.11. Лица зависници од коцкање

Зависноста од коцкање е нов социјален проблем кој се актуелизира и интензивира во последните неколку години, со тенденција на зголемување на бројот на лица кои се соочуваат со овој проблем. Карактеристично е тоа што со проблемот се засегнати не само возрасните лица, туку и младите и малолетниците кои вообичаено се вклучени во спортско обложување. Ниските нивоа на невработеност и сиромаштија кај населението, постоењето на спортски обложувалници во Ресен како и во соседните општини Битола и Охрид во кои има голем број на спортски обложувалници и казина, погодуваат на порастот на овој проблем.

Според некои сознанија во обложувалниците во Ресен на дневно ниво се врши уплата од 10 000 до 70 000 евра во денарска противвредност. Најчесто се обложуваат лица од машки пол и тоа на возраст од 13 па се до 70 и повеќе години. Иако законски не е дозволен влез и уплата од страна на малолетни лица, малолетните лица од општина Ресен успеваат да извршат уплата преку други полнолетни лица. Исто така

имаме неофицијални податоци дека игрите на среќа ги играат брачни другари, што не наведува на фактот дека коцкањето преставува социјален проблем во кој се вклучени на само поединци туку и повеќе членови од семејството (родители, деца, дедовци).

Свеста за штетните последици од оваа појава не е на високо ниво. Имено, средината не го препознава коцкањето како социјален проблем, туку како разонода, забава и игра. Тоа ги поттикнува и децата и младите непречено и без осуда од средината да се впуштаат во овој облик на општествено непожелно однесување. Постојат дури и ситуации во кои брачни партнери заедно се зависници од коцкање. Последиците од ваквата состојба се поразителни за младите лица кои се социјализираат во погрешни вредности, а во исто време предизвикува и семејни дисфункции, конфликти, насилство и зајакнување на останатите семејни потешкотии и проблеми.

Не се води евиденција на лица кои се зависници од коцкањето, бидејќи самите не се обраќаат за помош до релевантните институции/организации. Во евиденцијата на Центарот за социјална работа, нема регистрирани зависници од коцкање кои користеле некаков вид помош или услуги. Потребни се хитни и разноврсни мерки од повеќе субјекти почнувајќи од училиштата до семејствата.

### 2.12. **Лица болни од малигни заболувања**

Како последица на еколошките проблеми во општина Ресен поврзани со штетните последици од интензивното земјоделство, индустријата, транспортот, изменетиот начин на живот (особено исхрана) и други причини, се јавува зголемен број на лица со малигни заболувања. Иако не се доспатни податоци од надлежни органи според информациите од Невладиниот сектор бројот на пациенти со малигни заболувања во Општина Ресен е алармантен.

Потребите на пациентите со малигни заболувања се многубројни, но и долготрајни, затоа што малигните заболувања се јавуваат како акутна и активна состојба која со текот на лекувањето поминува во хронична состојба. Овие лица имаат потреба од честа комуникација со лекар, пристап до здравствена институција, лабораторија, онколошки терапии, за што од суштинско значење е олеснетиот пристап до овие институции и услуги, особено во однос на обезбеден транспорт. Од големо значење кај овие пациенти е прифаќањето на самата болест, меѓутоа и прифаќањето на таквата состојба од страна на неговото/нејзиното семејство. Покрај обезбедување спокојна средина за пациентот, потребно е да се обезбедат услови за одржување на секојдневна рутина на живеење на пациентот и семејството. Здравствена, психолошка, социјална и духовна нега за пациентот е многу важна и повеќе од неопходна заради ублажување на болката и подигање на квалитетот на живот кај овие лица. Отсуството на услуги за палијативна нега, особено ја отежнува животната ситуација на овие лица и нивните семејствата и ги зајакнува психолошките, социјалните и емоционалните проблеми со кои се соочуваат. Исто така за зачувување на менталното здравје на пациентот и членовите на неговото семејство недостасува психо-социјална помош и поддршка која би ја обезбедувале соодветни стручни лица.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните

проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Со Законот за социјална заштита се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење за вршењето на дејноста на социјалната заштита. Најважен сегмент за локална интервенција е воспоставувањето на мрежа на даватели на социјални услуги која ја сочинуваат јавни установите за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица), со кои Министерството за труд и социјална политика, односно општината, склучиле управен договор за давање социјални услуги, како и физичко лице кое добило дозвола за вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност и склучило договор со центарот за социјална работа. Во изминатиот период општина Ресен преку своите годишни Програми за социјална детска и здравствена заштита посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и на воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе ги штитат од нови социјални ризици. Под социјален ризик во смисла на овој закон се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ризици на старост и стареење;
- ризици на еднородителско семејство;
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично;
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост

Секоја од програмите до сега предвидуваше соработка со ЈУ „Центар за социјална работа'', Центар за вработување, Полициска станица, училишта, градинки, Здравствениот дом, ОО „Црвен Крст Ресен“ и други министерства, установи, институции, граѓански организации и бизнис секторот. Реализираните активности се со цел да се придонесе кон јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица, семејства и општествени групи кои се засегнати од специфични социјални ризици.

Обезбедувањето на квалитетни социјални услуги на локално ниво е важна активност за ублажување на сиромаштијата и за поддршка на ранливите групи и за промовирање на самостојното и достоинственото живеење на граѓаните. Во изминатиот период Општина Ресен посветено работеше на обезбедување на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и на планирање на функционалните социјални услуги кои ќе ги штитат од нови социјални ризици. Социјалните услуги кои се обезбедуваат од Законот за социјална заштита се:

- Услуги на информирање и упатување;
- Услуги на стручна помош и поддршка;
- Услуги на советување;
- Услуги во домот;

- Услуги во заедницата;

- Услуги за вон-семејна заштита;

### 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Во периодот кој измина општина Ресен доста посветено работи на создавање на услови за обезбедување на социјални услуги преку спроведување на проекти со поддршка од различни донатори, спроведувани од поголем број на институции и здруженија на граѓани кои што имаат потенцијал да преминат во социјални услуги. Во општина Ресен постојат и Здруженија на граѓани кои што веќе активно работат на обезбедување на социјални услуги или би сакале да работат на нивно обезбедување. При составување на овој социјален план тие здруженија се вклучени во обид да се добие податок за видот на услугите кои што ги обезбедуваат или би сакале да ги обезбедуваат, како и што им е потребно за тоа.

#### 3.1.1. Услуги на информирање и упатување

• Согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку Центарот за социјални работи Ресен.

#### 3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка

• Согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку Центарот за социјални работи Ресен.

• Регионален ресурсен центар за слепи лица, во зградата на општина Битола, формиран со финансиска поддршка на УНДП и 5-те општини во овој плански регион (Битола, Могила, Демир Хисар, Новаци и Ресен). Регионалниот ресурсен центар, воден од Здружение за слепи лица претставува меѓу општинска соработка за чие функционирање секоја од петте општини одвојуваат сума од 2% од вкупниот негов буџет на годишно ниво кој обезбедува обуки за изучување на брајово писмо и компјутерски обуки за слепи лица со гласовна команда.

#### 3.1.3. Услуги на советување

• Согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Ресен каде е обезбедена услуга од тим од психолог, педагог, правник и социјален работник.

#### 3.1.4. Услуги во домот

**Нега на стари лица во домашни услови**

• Во општина Ресен како еден од позначајните фактори во граѓанскиот сектор: ЗРР ЛАГ ПРЕСПА Ресен; Програмата за Општествено Корисна Работа се јавува и Црвен Крст кој што работи на полето на обезбедување на нега на стари лица во домашни услови, обука на сертифицирани негователи. Во првата фаза е обезбедена плата за обучени кои поседуваат сертификат преку проектите, а во втората фаза ќе добиваат плата преку Центарот за социјална работа Ресен и МТСП.

**Лична асистенција**

• Црвен Крст ја обезбедува и услугата лична асистенција за лица со попреченост, со вклучување на сертифицирани лични асистенти, но досега нема никаков интерес.

**3.1.5. Услуги во заедницата**

**Услуги за дневен престој**

- Дневен центар за лица со попреченост во склоп на ЈУ Центар за социјална работа Ресен со работно време започнувајќи од 08 часот наутро до 15 часот претпладне. Опслужува 9 лица од кои 4 се деца, а пет се возрасни лица. Професионално вработени се 3 лица специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и административно лице .

- Центарот за кинезитерапија во Ресен (во спортската сала Ресен) работи повремено и со него управуваат хуманитарните здруженија Хумана од Ресен и меѓуопштинското здружение ,,Мобилност,, подружница Ресен.

- Како неформален центар фукнционира и Пензионерскиот клуб Ресен, со кој раководи здружението на пензионери Ресен .

**Услуги за реинтеграција и ресоцијализација**

Хуманитарните здруженијата Хумана од Ресен, меѓуопштинското здружение ,,Мобилност,, подружница Ресен, ОО Црвен крст Ресен. Во просториите на Црвен крст Ресен, канцеларијата и простор кој е доделен на користење од страна на општината-Центарот за кинезитерапија, во кој се обезбедени предуслови за организирање и спроведување на спортски, креативни и други активности се достапни за крајните корисници и истите се простор каде секојдневно лицата со попречености се среќаваат и се вклучуваат во активностите.

**Услуги за привремен престој**

- Шелтер центар за жртви на семејно насилство во одговорност на ЈУ МЦСР Битола. Овој центар може да го користат и корисници од Ресен, но треба да се настојува во иднина да профункционира ваков центар во Ресен во соработка со Центарот за социјална работа Ресен.

**3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита**

**Овие услуги не се нудат на територијата на општина Ресен, но ги користат наши сограѓани. Во индина треба да се превземат активности за почеток со нудење на вакви услуги во Ресен.**

- Наши жители користат социјални услуги во Битола.

Во Битола постојат три старечки домови од кои што еден државен и два се приватен. Најголемиот од нив е Јавната Општинска Установа Дом за стари лица Сју Рајдер Битола, која е јавна установа за социјална заштита, чија надлежност и дејност се утврдени со Законот за социјална заштита. Дејноста на Установата е сместување на стари, изнемоштени и хронично заболени лица, возрасни и стари лица кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување. Услуги кои ги нуди установата се: сместување, исхрана, помош, нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни, рекреативни активности, услуги на социјална работа, работно производна активност, работна терапија и сл. Установата располага со капацитет од 150 легла. Установата има два павиљони во кои има 70 станбени единици во кои се згрижуваат корисниците на услуги, во зависност од нивната здравствена положба и пол. Располага со сопствена кујна во која се приготвуваат 3 оброци дневно за секој корисни. Останатите два старечки домови се

„Битола“ кој се наоѓа во просториите на стариот хотел Битола и каде што хотелските соби се пренаменети во соби за стари лица и „Св. Спас“ кој е лоциран во село Кравари.

### 3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Како би се постигнале подобри услови за живот, но и подобра и посилна заедница, општина Ресен во наредниот период има предвидено развој на нови социјални услуги и поддршка за подобрување на постоечките. Најголем дел од услугите кои што се понудени од здруженијата на граѓани, од кои што дел веќе преминуваат и во социјални претпријатија, се поддржани од донаторска поддршка, преку финансирани проекти, или преку самофинансирање, па е неопходно да се воспостават како долгорочно стабилни социјални услуги. Покрај вложување на сопствените средства Општината тесно ќе соработува со МТСП, ќе развива соработки со донатори и ќе имплеметира проекти и грантови, се со цел овие услуги да да бидат овозможени на што е можно поголем број на корисници кои имаат потреба од нив. Еден од проблемите кој се провлекува низ изминатите години, а е предуслов за идните социјални услуги, е воведувањето на организиран превоз до/од објектите каде се нудат социјални услуги во Ресен, како и посета на корисници во нивните домови. Општината ќе настојува да набави возило и да го вклучи во овие услуги новонабавеното комбе на електричен погон. Исто така се наметнува потреба од набвака на велосипеди и елктро-велосипеди за посета на клиенти во руралните средини од страна на волонтери.

#### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Покрај тоа што ЈУ Центар за социјална работа Ресен има основната улога во овој поглед, оштината ќе подготви апликација за самостојно да ја дава услугата на инфорирање и упатување, преку вработување на стручни лица.

- Споделување на информации за можности за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување.

- Давање дополнителна помош и поддршка за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување. (согласно Законот за вработување на инвалидни лица, Годишните програми за самовработување, согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, итн)

- Изработка на мобилна апликација за пристапност на лица со попреченост, која е во фаза на планирање и би била изготвена со цел да го олесни информирањето за пристапни места и послесна мобилност.

#### 3.2.2. **Услуги на стручна помош и поддршка**

Во иднина се планира покрај стручната помош и поддршка обезбедени преку Центарот за социјална работа Ресен согласно член 72 од Законот за социјална заштита да се продолжи:

- одржливоста на регионалниот ресурсен центар за слепи лица, кои што ќе продолжат со обезбедување на обуки за изучување на брајово писмо како и компјутерски обуки за слепи лица со гласовна команда како и да започне со обуки за лични асистенти за слепи лица, како и обука за просторно ориентирање за слепи лица.

- поддршка на здруженија на граѓани кои што веќе даваат стручна помош и поддршка на лица од ранливи групи , со цел да се поттикнат секое од нив да обезбеди што е можно поголема поддршка

за граѓаните секој од својата област на делување, согласно на приоритетните групи на граѓани кои што се одредени од Центар за социјални работи Ресен. Соработката со здруженијата на граѓани и користење на нивните стручни услуги е важна и како одговор на тековните потреби, како што се психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство и корисници на наркотични дроги.

**Дополнително:**

• Активно ќе се работи и на поддршката при организирање на обуки за работно оспособување на лица од ранливи категории, како и нивниот личен и професионален развој. Оваа услуга во целост ќе ја поддржува реинтеграцијата и ресоцијализацијата, и заедно со услугата информирање и упатување ќе сочинува пакет од услуги. Ова е во контекст на реструктуирањето на работата на Центрите за социјална работа и работењето на случај кај идентификуваните лица во социјален ризик.

• Со оглед на тоа што сите евидентирани самохрани родители Роми, се всушност жени, меѓу кои и малолетни мајки, многу е важно да се обрне посебни внимание при пружањето стручна помош, земајќи ги во предвид културните и социјалните услови во кои живее лицето.

**3.2.3. Услуги на советување**

Општина Ресен и во иднина ќе продолжи да дава поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува МТСП. Во целост ќе се поддржи работата на граѓанските здруженија кои во моментов не даваат услуги, но и ќе се мотивираат да почна да даваат и да ги лиценцираат услугите.

Од мапирањето произлезе потреба и за отворање на Сос линија во рамките на советувалиштето за жртви на семејно насилство во надлежност на ЈУ МЦСР Битола и програма за економско зајакнување за жртви на насилство. Но во општина Ресен ова се предвидува да се реализира во рок од 3 години.

**3.2.4. Услуги во домот**

**Нега на стари лица во домашни услови**

Идентификувана е потреба од проширување на постоечката услуга за нега на стари лица во домашни услови бидејќи оваа целна група во Општина Ресен е најголема (над 500 корисници). Затоа покрај соработката на овој план со ОКР, ЗРР ЛАГ ПРЕСПА Ресен, неопходно е зголемување на капацитетите, пред се човечките капаците. Затоа општина Ресен во соработка Сојузот на здруженија на граѓани ,,Коалиција за перпективна Преспа,, Ресен аплицираше со предлог проект на Јавниот повик за Социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка. Бидејќи во овој повик не бевме селектирани ќе подготвиме нова апликација. Проектните активности опфаќаат формирање и опремување на Центар за давање на социјални услуги на стари, осамени и изнемоштени лица во домашни услови, обезбедување на социјална и здраствена грижа на истите, едукација на невработени лица со помош и поддршка во домашни услови на наведената категорија на лица и набавка на моторно возило за спроведување на активностите. Со оглед на континуираното зголемување на бројот на лица со малигни заболувања и шеќерна болест, давателите на услугата мора да бидат соодветно обучени за работа со болни корисници. Предвидено е да се обучуваат нови 10 негуватели за грижа на стари во домашни услови, плус 10 кои со претходните проекти беа обучени, со што ќе се зголеми обемот и квалитетот на оваа услуга.

**Лична асистенција**

Во иднина ќе се настојува оваа услуга да се развива преку ОКР Ресен. Ќе се организираат обуки за новообучени сертифицирани лични асистенти.

Обезбедување лични асистенти - толкувачи на знаковен говор што на глувите лица ќе им помагаат низ институциите е планирано во соработка со Центарот за социјална работа Ресен.

**3.2.5. Услуги во заедницата**

**Услуги за дневен престој**

- Во иднина се планира да се продолжи со поддршка на постоечките услуги, преку поддршка на зголемување на постоечките капацитети , односно зголемување на капацитетот на згрижување на лица во Дневниот центар за лица со попреченост и Центарот за кинезитерапија (двоменско работење, набавка на нова опрема, набавка на возило како би се олеснил транспортот на неговите корисници).

- Аплицирање со проект за воспоставување на социјални услуги во Центар за дневен престој за деца со посебни потреби во училиште со главна цел образовна подршка на учениците со попреченост и потешкотии во учењето. Улогата на ваков Центар е да помогне во раната интервенција, соодветен третман, индивидуална подршка и едукација на учениците со попреченост и потешкоти во учењето во насока на подобрување на нивните когнитивни, бихејвиорални, социјални вештини и способности. Вклучувањето на детето со попреченост во редовната настава и во Центарот за дневен престој ќе му овозможи на детето целодневно згрижување, едукација, социјализација и планирање на слободните активности. Формирањето и организирањето на Центарот за дневен престој ќе нуди социјални услуги со доминантна образовна дејност опфаќајќи ги учениците со попреченост и потешкотии во учењето, но во исто време нуди и комбинирани социјални услуги кои се насочени кон зајакнување на способностите, знаењата и вештините на родителите за соодветна подршка на нивните деца во однос на совладување на образованите индивидуални цели, за разбирање на периодите на одрастување на нивните деца и нивно успешно надминување, како и соодветна подршка на родителите во изградувањето на самостојни и функционални личности кои во иднина ќе станат активни членови во заедницата.

- Во соработка со Здружението на пензионери од Ресен креирање на проект и почетни активности за отворање на Дневен центар за активно стареење за стари лица кој што ќе функционира како клуб каде што старите лица ќе се социјализираат, но и активно ќе се вклучат во општеството. Ќе се ангажира кооринатор за спроведување на активности, за да може да се следи програмата која ќе гарантира здраво и активно стареење, кое подразбира одржување на физичката и психичката форма преку прилагодени едукативни, спортски и креативни содржини, но и стекнување на нови вештини и знаења кои можат да им обезбедат социјално вклучување.

- Откако ќе се формира Советот на млади од општина Ресен ќе има можност да се Формира младински клуб со содржини за развој на креативни активности: музика, филм, театар, компјутерски дизајн, развој на спортски активности во склад со просторот, шаховски клуб, маси за пинг - понг на расклопување, итн. Клубот би се користел и од давателите на услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, за да се обезбеди интеграција и да се превенира стигматизација или дискриминација. Ова е поврзано со аплицирање на голем проект за реновирање на стариот Противпожарен дом во Ресен за оваа и други функции

• По примерите на добра пракса ќе се мотивираат граѓанските организации од Ресен да даваат социјални услуги на еднородителски семејства со развивање на свој сервис за доедукација на деца 2 до 4 часа вклучително и деца со посебни потреби, сервис за помош на децата од училишна возраст при учење и пишување на домашни задачи на деца, вклучително и за деца со посебни потреби.

• Исто така има потреба од користење на искуства и почетна активност за работа на Центар за ран детски развој за деца роми кој ќе прерасне во Центар за кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители.

• Сегашните идентификувани бројки за пасивни жени баратели на работа, невработени над 55 години, НКВ невработени и долгорочно невработени, општина Ресен ги гледа како потенцијал и ресурс за развој на сервисните услуги. Со соодветна обука или преквалификација/доквалификација тие може да се ангажираат кај провајдери/здруженија на граѓани – даватели на услуги, да се оспособат и да станат самостојни даватели на услуги, но и да се здружат и да формираат/бидат дел од социјалните претпријатија.

• Во зависност од приоритетите на општината и повиците за активација на УНДП ќе се идентификуваат приоритетни групи за следните 3 години. Според тоа ќе се продолжува и учеството во проектот за Општинско корисна работа.

• Согласно со Годишната програма за активните мерки за вработување и барањата на невработените лица, очекувано е да се активираат мерките за бараните занимања и со нив да се влијае на намалување на невработеноста кај различни категории на лица во ризик.

• Индикаторите за економски развој на Преспанскиот, регион и можностите кои се темелат, пред се, на природниот фактор (земјоделството, шумарскиот потенцијал, туризам, минералното богатство, итн) во комбинација со услугите за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, може да одиграат позитивна улога за самовработување (отпочнување сопствен бизнис) кај лицата кои се корисници на право на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. За оваа иницикјатива со помош на одделението за ЛЕР при општина Ресен ќе организираме поддршка преку грант сесијата на ГИЗ, соработка со Стартап центри, Фондот за иновации и други донаторски програми.

### 3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

**Живеење со поддршка**

• Според податоците добиени од спроведеното мапирање во општина Ресен се установи потреба од обезбедување на вакви социјални услуги но нема доволен интерес кај здруженијата на граѓани и другите субјекти. Затоа е потребно подобро планирање и креирање на партнерски проекти.

**Згрижување во семејство**

• Иако оваа услуга е управувана од МТСП, општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување згрижувачки семејства со цел згрижување на лицата во нивната општина. За ова ќе подготвиме посебна кампања и општински мерки за субвенционирање.

**Сместување во установа**

- Бидејќи нема ваков објект во Преспа ќе спроведеме Кампања, ќе осмислиме општинска понуда за партнерство со надворешен субјект и меѓуграничен проект за изградба на Дом за стари лица.

Важен дел од Програмите за социјална детска и здравствена заштита се финансиските средства предвидени за еднократна парична помош по однос на поднесено барање согласно Правилникот за остварување на право на еднократна парична помош на општина Ресен. Подносители на барањето може да бидат месни заедници, здруженија на граѓани, иницијативни одбори, спортски клубови, спортисти, лица зафатени од елементарни непогоди, болни лица, лица со телесна попреченост, лица изложени на социјален ризик, корисници на социјална помош, самохрани родители, поранешни и сегашни членови на советот (во случај на болест или смрт) и други барателі кои ќе поднесат барање согласно условите и критериумите предвидени со Правилникот. За истакнување е дека повеќето барања се однесуваат на потреба од лекување и барања за еднократна помош за лица во социјален ризик и се одобруваат во координација со ЈУ„Центар за социјална работа Ресен. Дополнително, Општината двапати во годината за корисниците на ГМП (гарантирана минимална помош) и корисници на социјална пензија обезбедува финансиски средства за пакети со прехрамбени продукти. Преку програмата за социјална детска и здравствена заштита општина Ресен од својот буџет предвидува и:

- финансиски средства за активности со корисниците во Дневниот центар за лица со посебни потреби по повод 3-ти Декември Меѓународниот ден за лица со попреченост.
- финансиски средства Остварување на право на партиципација во двете детски градинки во Ресен за остварување на право на Партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во градинките

Во иднина ќе се настојува да се обезбедат средства и поддржи активност за финансирање на логопедски третмани за деца со проблеми во говор и јазик преку ангажирање на логопед покрај тоа што повремено се практикува оваа активност се планира да се зајакне.

### 3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Промените се случуваат во обичниот ритам на животот, заради некои ризични настани, претставуваат голема загриженост за населението и општеството. Социјалните ризици се глобален феномен, имаат неповратни и директни импликации врз општеството, предизвикуваат големи предрасуди, во зависност од културниот, политичкиот и економскиот контекст во кој се појавува оваа појава. При дефинирање на концептот на социјален ризик, се преземаат неколку пристапи кои ги рефлектираат мултидисциплинарен карактер и комплексноста на домените за применливост. Социјалните ризици претставуваат веројатност за појава на закани и неизвесности што се јавуваат како резултат на модернизација на општеството, што значи неповратна штета за сите форми на живот. Социјалните ризици претставуваат клучни фактори за економска и социјална кохезија, кои придонесуваат за зголемување на квалитетот на животот на локалната заедница. Социјалниот ризик се однесува на можноста за потенцијално социјално нарушување, конфликти и социјална штета, предизвикано од фактори на несигурност од различни области. Современите социјални ризици се однесуваат на опасности и несигурност од систематскиот процес на модернизација. Со изработката на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги. Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во општина Ресен се:

• Сиромаштија

• Попреченост

• Ромски прашања

• Деца од социјално ранливи категории

• Старост

• Зависници

• Насилство

•Деца во судир со законот

### 3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни капацитети |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Сиромаштија | 1.1.Невработени лица<br>1.2 Ромска заедница<br>1.3. Самохрани родители<br>1.4 Корисници на ГМП<br>1.5 Стари лица во социјален ризик<br>1.6 Бездомни лица | - ЕПП од општина Ресен<br>-Социјален погреб<br>-Социјални пакети<br>-права од социјална заштита | - Лица вработени во ЈУ ЦСР Ресен<br>-Невладини орг.<br>-Црвен Крст Ресен | - Услуги за информирање и упатување<br>- Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата | - Правник<br>–Социјален работник<br>-Тренинг провајдери<br>- Психолог |
| 2.Попреченост | 2.1 Лица со физичка попреченост<br>2.2 Лица со интелектуалн а попреченост<br>2.3 Лица со аутизам и даунов синдром<br>2.4 Лица со комбинирана попреченост | - Услуги во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на советување<br>- Услуга на информирање и упатување | Вработени во ЦСР Ресен – Лица Вработени во Дневни центри<br>- Образовни асистенти | - Услуга во домот<br>- Услуга во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на вонсемејна заштита (живеење со поддршка и згрижување во друго семејство) | - Координатор<br>- Социјален работник<br>- Сертифици рани лични асистенти<br>- Психолог<br>- Специјал ен едукатор рехабилитатор<br>- Дефектолог<br>- Логопед |
| 3.Ромски прашања | 3.1 Жена ромка<br>3.2 Деца и младинци<br>3.3 Невработени Роми<br>3.4 Роми во социјален ризик | - Услуги на информирање и упатување советување<br>- Услуги на стручна помош и поддршка | Здруженија на граѓани – Лица од образовни институции – ЈУ ЦСР Ресен | - Услуги на инфорирање и упатување<br>- Услуги на советување<br>- Услуги на стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата (ресоцијалзиација, реинтеграција и | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Ромски медијатори<br>- Тренинг провајдери<br>- Едукатори<br>- Правник |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | активација) | |
| 4.Деца од социјално ранливи категории | 4.1 Деца без родители и родителска грижа<br>4.2 Деца на улица<br>4.3 Деца од семејства со нарушени односи<br>4.4 Деца во судир со законот | - Услуга во заедница та (услуга на дневен престој) | МВР Ресен<br>ЈУ ЦСР Ресен | - Услуги на советување<br>- Услуги во зедницата (услуги за дневен и привремен престој-<br>- Услуги за вонсемејна заштита (живеење со поддршка и згрижување во семејство) | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Едукатор/ рехабилитатор<br>- Асистенти за асистивно живеење |
| 5.Старост | 1.1 Стари лица 65 + ,<br>1.2 Стари лица со деменција и Алцхајмерова болест<br>1.3 Стари изнемошени лица<br>1.4 Стари лица со хронични болести | - Услуги во заедницата (услуга на дневен престој во здружение на пензионери)<br>- Услуги на советување<br>- Услуга на вонсемејна заштита<br>- услуга во домот (помош и нега во домот -мобилен тим) | - Социј ал ен работник<br>– Педагог<br>– Психолог<br>- Меди цински персонал | - Услуга во домот (помош и нега во домот)<br>- Услуга во заедницата (дневен престој)<br>- Услуга на вонсемејна заштита (живеење со поддршка) | - Координ атор<br>– Сертифи цирани негувателики<br>– Физиоте рапевти |
| 6.Насилство врз жените и семејно насилство | 6.1 Жени жртви на семејно насилство<br>6.2 Деца жртви на семејно насилство<br>6.3 Мажи жртви на семејно насилство<br>6.4 Жртви на насилство надвор од дом | - Услуги во заедницата (услуга за привремен престој) | Лица од МВР и ЈУ ЦСР Ресен | - Услуги на советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата (рехабилитација, ресоцијализација, услуга за привремен престој) | - Социјален работник<br>- Психолог - Правник<br>- Едукатор/ рехабилитатор<br>- Работен терапевт |
| 7.Корисници кои инјектир аат дроги и други зависности | 7.1 Лица зависници од наркотични средства<br>7.2 Лица зависници од алкохол<br>7.3 Лица зависници од коцкање | - Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка | Медицинска Помош<br>– Психол ог<br>– Психијатар<br>– Здруж енија на Граѓани | - Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата | - Психолог<br>- Психија тар<br>– Социјален работник<br>– Рехаби литатор |

## 4.Потребни капацитети и финансиска подршка

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет / опфат (број на корисници, површина, територија, итн) | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со: | Време / период на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги на информирање и упатување | Информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување, но и дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување | Постоечки ресурси на ЗГ, обезбедено инфо катче во простории на Општината | Лица од ранливи групи на ниво на општина Ресен | 253.200 ден х 4 год. =1.012.800 ден за вработување | Буџет на општина Ресен, донатори | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, НВО, донатори | 4 год. |
| | Изготвување на мобилна апликација за пристапност на лица со попреченост | | Лица од ранливи групи на ниво на општина Ресен | 100 000 | Општина Ресен, донатори | НВО | 4 ГОД |
| | Во рамките на постоечкото советовалиште за жртви на семејно насиилство во рамките на ЈУ МТСП Битола | Набавка на телефонска централа вработување на две стручни лица | Жртви на насилство | 300 000<br><br>4 000 000 | Донации<br><br>МТСП | МТСП<br><br>ЈУ ЦСР Ресен, НВО | 4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | да се воведе СОС телефон и програма за економско зајакнување за жртви на насилство | | | | | | |
| Улуги на стручна помош и поддршка | Регионален ресурсен центар за слепи лица – одржливост | Центарот е формиран со поддршка на УНДП и 5 те општини.За негово функционирање изготвен е елаборат според кој на годишно ниво потребни средства за функционирање се 1.500.000 ден од кои побаруваме од МТСП 1.000.000 ден . а општините според Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе финансираат со 2% од буџетот за финансирање на Здруженија на граѓани и фондации | Лица од ранливи групи (слепи лица)на ниво на општина Битола и регионот | 4.000.000 ден 1.000.000 ден 1.000.000 ден | МТСП Општини Битола, Демир Хисар, Новаци, Могила , Ресен Членари на членовите | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, здружение на слепи лица, Општини | 48 месеци |
| Услуги на советување | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик (жртви на семејно насилство, роми, лица со | Потребно е Јакнење на човечки капацитети, обезбедување на опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Ресен | 400.000 ден 400.000 ден | Донатори – грантови, Буџет на општина Ресен | МТСП, ЈУ МЦСР - Ресен, НВО | 4 год |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | попреченост) | | | | | | |
| Услуги во домот | Обезбедување на нега на стари лица во домашни услови | Јакнење на човечки капацитети обуки, опрема, ангажирање на 15 негователи | 120 лица | 4 x 9636.000 = 38.544.000 ден 300.000 обука x 4год. =1.200.000 ден | Донатори – грантови, Светска Банка МТСП ОО Црвен крст | МТСП, ЈУ МЦСР - Ресен, ОО Црвен крст | 4 год |
| Услуги во заедницата | Обезбена е услугата за згрижување на лица во постоечкиот дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост за поголема целна група кое под ЈУ МТСП –Битола | Потребно е нови вработувања и набавка на возило за превоз на корисниците | 40 лица | 4.000.000 Плати 1.600.000 возило | МТСП Донатори – грантови, | МТСП, ЈУ МЦСР - Битола, НВО | 4 год |
| | Формирање на Мултифункционални центри од отворен тип со посебен акцент на ранливи категории на граѓани | Реконструкција на простор во Урабани заедници,опрема Вработување Режиски трошоци | Лица од ранливи групи на ниво на општина Ресен | 6.000.000 ден 600.000 ден | Донатори – грантови, Буџет на општина Ресен | Општина Ресен во соработка со Здруженија на граѓани и локални институции, МТСП | 48 месеци |
| | Мултифункционален простор дневна соба на градот едукативен, креативен и пред се информативен простор | Реконструкција на простор објект на стара поажарна | Лица од ранливи групи на ниво на општина Битола | 2.000.000, 1.000.000 | Донатори – грантови, НУУБ „Климент Охридски“ | Општина Ресен во соработка со Здруженија на граѓани и локални институции МТСП | 48 месеци |

**5. Лиценцирање на даватели на услуги**

Според законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/2019 , 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21,294/21,99/22,236/22 и 65/23) МТСП дава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги .Во Општина Ресен постои иницијатива од следните субјекти како сервис провајдери се ЗРР ЛАГ ПРЕСПА, Црвен крст Ресен, Здружение за поддршка и развој Хумана, Мобилност за добивање лиценца за даватели на услуги .

**Резиме**

Социјалниот План 2023-2025 година за општина Ресен е изготвен во соработка со :

• Општина Ресен

• Одделение за Локален економски развој и прекугранична соработка,Општина Ресен

• ЈУ Центар за социјални работи Ресен

• Центар за вработување Ресен

•Сојуз на здруженија на граѓани ,,КОАЛИЦИЈА ЗА ПЕРСПЕКТИВНА ПРЕСПА,, Ресен

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.05.2023 година.

Бр.09-1207/11
30.05.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на чл.40 ст. 1 од Закон за урбанистичко планирање ( „Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20), чл. 23, ст. (1), т. 7 од Статутот на Општина Ресен („Сл. Гласник на Општина Ресен“ бр.07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 30.05.2023 год. донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

**Ф - 10 Урбано планирање**

**Ф10 – Урбанистичко планирање**

**Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година**

Со Оваа Програма се дополнува Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-2964/19 од 14.12.2022 година , Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина

Ресен во 2023 год. под бр. 08-635/32 од 14.03.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 4/2023год, Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-940/19 од 26.04.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 6/2023год, во делот III. Урбанистички Планови и Урбанистички проекти кои ќе се финансирани од физички лица и правни лица, се додаваат следните точки:

**61 . ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на КП 2671/3, КП 2671/2, КП 2671/4 И КП 2672 КО Ресен вон град , Општина Ресен.

Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува приближно околу 0,8897ха.

**62. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ за фотонапонска електроцентрала на КП 1388, КП 1389 и КП 1390, КО ЗЛАТАРИ, Општина Ресен.

Границите на планскиот опфат за КП 1388, КП 1389 и КП 1390, КО ЗЛАТАРИ, Општина Ресен се следните катастарски парцели:

- На север: граничи со КП 1597 – кој што претставува некатегоризиран пат, во смисла на патна инфрастуктура

- На исток: граничи со КП 1387

- На југ: граничи со КП 1383

- На запад: граничи со КП 1391/9, КП 1391/20 и КП 1391/21.

Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува приближно околу 23349.4078 м2.

**63. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ за фотонапонска

електроцентрала на КП 2514, КО РЕСЕН ВОН ГРАД, м.в. „Трајкова кућа“ ,Општина Ресен.

Границите на планскиот опфат за КП 2514 КО РЕСЕН ВОН ГРАД, Општина Ресен се следните катастарски парцели:

- На север граничи со дел од катастарската парцела КП 2515 и КП 2512 КО Ресен вгр

- На исток граничи со катастарските парцели КП 2515 и КП 2413 КО Ресен вгр

- На југ граничи со катастарските парцели КП 2413 КО Ресен вгр

- На запад граничи со катастарските парцели КП 2512 КП 2513 КП 2413, сите КО Ресен вгр

Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 5638 м2 или приближно околу 0,56 ха.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Ресен‘‘.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1159 /13
30.05.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година...............................................................................................стр.2
2. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година.....................................стр.3
3. Заклучок по Годишен план за вработување за 2024 година на ЈОУДГ“ 11 Септември“ Ресен...........................................................................стр.5
4. Одлука за давање согласност на Одлуката за отпис и расходување на основни средства (движни ствари) и ситен инвентар сопственост на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен...........................................................стр.
5. Одлука за утврдување на приоритет на проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2 “ Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2 “..........................................................................................................стр.8
6. Одлука за финансиско учество во реализација на Проект за изработка на техничка документација во рамки на Проектот „ Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 “.....стр.9
7. Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестаци.................................................................................стр.11
8. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила..................................................................стр.12
9. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид.............................................................................................................стр.13
10. Заклучок по Социјален план на Општина Ресен..................................стр.16

11. Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година..............................................................стр.50

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**